Архивски број: 08-288/7
09-11-2023 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-288/1 од 06.04.2023 година, поднесена од [redacted] во име на [redacted] од Кочани за утврдување на дискриминација врз основ на етничка припадност во областа образование, наука и спорт, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 258/2020), го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на етничка припадност врз [redacted] од Кочани, односно врз [redacted] како негов малолетен син сторена од страна на ОУРЦ „Кочо Рацин" – Битола.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 06.04.2023 година [redacted] застапуван од претседателот [redacted] поднесе Претставка бр. 08-288/1 до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Во натамошниот текст: Комисијата) во име на [redacted] од Кочани како родител и законски застапник на малолетното лице [redacted] Во прилог на претставката е доставена и копија од согласност на лицето [redacted]
Подносителот наведува дека [redacted] на возраст од 10 години, за чиј интерес се поднесува претставката е дете со попреченост, односно сетилно оштетување за што има наод и мислење од стручни лица како лице со најтежок степен на оштетување на слухот (глувост). Следствено, малолетното лице е ученик во Основното училиште со ресурсен центар „Кочо Рацин" – Битола. Неговиот татко се жали дека горенаведеното училиштето го дискриминира детето врз основа на етничка припадност. Ова од причини што не му овозможува превоз на неговиот син како лице со попреченост, за да може редовно да посетува часови, почнувајќи од месец октомври 2022 па се до поднесување на претставката. Законскиот застапник, односно таткото на детето на 07.12.2022 година се обратил до Министерството за образование, каде го образложил случајот и се пожалил дека ОУРЦ „Кочо Рацин" -Битола не обезбедува превоз за неговото дете, иако тоа е нивна законска обврска. Од Министерството за образование му одговориле дека училиштето е должно да обезбеди превоз за децата, а дека

министерството ги префрлува редовно паричните средства наменети за таа цел (превоз на ученици), а потоа училиштето е должно да обезбеди превоз за секое дете. Според подносителот, со наведеното непостапување на училиштето законскиот застапник-татко, односно неговото малолетно дете е ставено во позиција да трпи штета, при што не може да ги оствари своите законски загарантирани права, а поради околности за кои нема никаков придонес, ниту вина. Истиот е ставен во нееднаква позиција компаративно со останатите лица кои имаат можност да ги остварат истите права во истото и/или во други општински основни училишта. Со тоа детето како директна жртва и како Ром кој се наоѓа во незавидна, тешка социјална и економска состојба е дискриминиран и оневозможен да добие полесен н попристоен стандард на живот како лице со попреченост. Оттука, подносителот истакнува дека таквото постапување на училиштето е спротивно на закон и е недозволиво во едно демократско општество во кое треба да постои пред сè владеење на правото.

Од причини што ОУРЦ „Кочо Рацин“ – Битола во предвидениот рок за изјаснување согласно Барањето на Комисијата бр. 08-288/4 од 19.05.2023 година не даде одговор, односно не се изјасни за наводите од претставката, Комисијата изврши увид во простории и документација во училиштето на 15.08.2023 година.
Во рамки на увидот [redacted] на ОУРЦ „Кочо Рацин“ – Битола, [redacted] истакна дека училиштето спротивно на тврдењата на законскиот застапник на детето во претставката, има извршено исплата на парични средства наменети за превоз на ученикот [redacted] на транскакцискаta сметка на неговиот татко како законски застапник на ученикот. Согласно истакнатото, ОУРЦ „Кочо Рацин“ – Битола достави и писмен допис бр. 03-250/1 од 17.08.2023 до Комисијата на 22.08.2023 година со кој во прилог достави извод за реализирана трансакција на парични средства на банкарска сметка на [redacted] а водно во дописот посочија дека покрај ученикот [redacted] како Ром, во училиштето се запишани и други ученици од други етнички припадности, односно ромска и албанска етничка припадност и на кои исто така непречено им се обезбедува платен превоз од нивното место на живеење до училиштето.

Согласно член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „Се забранува секоја дискриминација врз основа на раса, боја на кожа, потекло национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа (во натамошниот текст: дискриминаторска основа).“.

Дискриминација согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, „претставува секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање,

уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други.".

Директна дискриминација согласно член 8 став 1 од Законот, „постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.".

Имајќи ја во предвид фактичка состојба согласно изнесените факти во претставката и изнесените факти и докази од страна на ОУРЦ „Кочо Рацин" – Битола, Комисијата не утврди дека е сторена дискриминација врз малолетното лице [redacted] врз основа на етничка припадност од страна на училиштето во кое е запишан како ученик.

Имено, спротивно на тврдењата на подносителот дека на малолетното лице како ученик во ОУРЦ „Кочо Рацин" – Битола не му се обезбедува платен превоз и на тој начин е спречен да биде вклучен во воспитно – образовниот процес, видно од изводот за реализирана трансакција на парични средства, се утврди дека средства за таа намена всушност биле исплатени на таткото како законски застапник на малолетното лице. Па оттука, согласно наведеното не се утврди дека сторена повреда од страна на ОУРЦ „Кочо Рацин" – Битола, а во смисла на членот 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, во врска со членот 5 и членот 8 став 1 од истиот закон.

Согласно горенаведеното, Комисијата одлучи како и во диспозитивот на ова мислење.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател,
Игор Јадровски

*Доставено до:*

- *ОУРЦ „Кочо Рацин" – Битола, ул. Захарија Шумљанска б.б., Битола*

[redacted]

- *Архива на КСЗД*